Машински факултет
Број 02-716/1
30.05.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 69 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), на предлог на Деканатската управа, Наставно-научниот совет на Факултетот на 9-та редовна седница одржана на 30.05.2024, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

за финансиска поддршка на активностите поврзани со научно-истражувачката работа, меѓународната соработка и интернационализацијата, а со цел развој на науката и образованието

## I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат основите, видовите на активности, формите, начините и критериумите за финансиска поддршка на наставниот и соработничкиот кадар на Машинскиот факултет во Скопје (во понатамошниот текст Факултетот), во вршењето на научно-истражувачката работа и активности поврзани со меѓународната соработка, за развој на науката и образованието.

**Член 2**

Наставно-научниот и соработничкиот кадар на Факултетот, во вршењето на научно-истражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка, може да добие финансиска поддршка по следниве основи:

1. Објавување на научно-истражувачки труд во научно списание со фактор на влијание кое е реферирано/индексирано во една од базите: Web of Science (Clarivate Analytics) или Scopus (во понатамошниот текст: објавување труд со фактор на влијание).

Како доказ дека научното списание е со фактор на влијание се прифаќа единствено информација/листа од соодветната база во која е наведена вредноста на факторот на влијание, согласно актуелно рангирање.

За базата Web of Science (Clarivate Analytics) факторот на влијание се дефинира преку Impact Factor (IF), додека за базата Scopus факторот на влијание се дефинира преку Source Normalized Impact per Paper (SNIP).

2. Објавување на научно-истражувачки труд во „референтна научна публикација" (во понатамошниот текст: објавување научно-истражувачки труд). Дефиницијата за „референтна научна публикација" е согласно Законот за високото образование (ЗВО).

3. Објавување на научно-истражувачки труд во Mechanical Engineering – Scientific Journal (MESJ), Машински факултет-Скопје.

4. Аплицирање на меѓународен проект од програмите кои се однесуваат на: Research и/или Innovation и/или International collaboration and exchange within education. (во понатамошниот текст: апликација на меѓународни проекти).

5. Потпишување на нов ERASMUS + билатерален договор.

6. Учество во работењето на Телото за проекти како именуван член, согласно Одлука за утврдување на постапка за аплицирање и администрирање на проекти и распределба на средствата стекнати од учество во проекти.

**Член 3**

Финансиската поддршка по основите од членот 2 на овој правилник може да се добие доколку наставно-научниот и соработничкиот кадар е директно вклучен во следниве активности:

1. Плаќање на трошоци за котизација или други трошоци неопходни за објавување на труд со фактор на влијание или научно-истражувачки труд во случај кога корисникот на ЛНК е автор или коавтор на трудот.
2. Покривање на патни и дневни трошоци за учество на меѓународен академски собир во кој корисникот на ЛНК учествува како излагач на труд или предавач на пленарно предавање. Дефиницијата за меѓународен академски собир е согласно ЗВО.
3. Покривање на патни и дневни трошоци за учество на меѓународен академски собир во кој корисникот на ЛНК учествува како учесник во телата (научен комитет, организациски комитет и сл.) на меѓународниот академски собир.
4. Покривање на патни и дневни трошоци за учество на меѓународен собир за вмрежување и поттикнување на иницијативи за апликација на меѓународни проекти.
5. Покривање на патни и дневни трошоци на ERASMUS + координаторот и заменик координаторот за учество на собири или патувања за вмрежување и поттикнување на иницијативи за потпишување на ERASMUS + билатерални договори.
6. Набавка на литература (книги, списанија, зборници на трудови, меѓународни стандарди и сл.);
7. Набавка на софтвер и обуки за користење на софтвер.
8. Покривање на патни и дневни трошоци за учество на настани за професионални усовршувања на вработените во областите во кои се избрани.
9. Покривање на котизации за членства на вработените во научни меѓународни организации (комитети).
10. Покривање на патни и дневни трошоци за реализација на гостувачки предавања по покана на странски универзитет.

**Член 4**

За евидентирање на добиената финансиска поддршка или финансиската поддршка ставена на располагање се отвораат „Лични Научни Картици“ како посебни картици во сметководството на Факултетот (во понатамошниот текст: ЛНК).

ЛНК се отвораат за секој вработен избран во наставно-научно или во соработничко звање, кој ќе поднесе барање за отворање на ЛНК.

Секоја ЛНК има единствен идентификациски број за секој вработен избран во наставно-научно или соработничко звање.

**Член 5**

Средствата за финансиска поддршка по основите од овој правилник се изразуваат во бодови, за секој од основите по одделно.

Вредноста на бодот ја утврдува Деканската управа на Факултетот.

**Член 6**

На ЛНК на асистентите и доцентите, еднаш годишно во месец јануари, доколку во минатата година на ЛНК имало финансиска активност (впишување и/или трошење на средства), по основ на финансиска поддршка од овој правилник, се става на располагање паушал во висина од 500 бодови.

На ЛНК на вонредните и редовните професори, еднаш годишно во месец јануари, доколку во минатата година на ЛНК имало финансиска активност (впишување и/или трошење на средства), по основ на финансиска поддршка од овој правилник, се става на располагање паушал во висина од 100 бодови.

Средствата од паушалот и дополнителните средства кои се остваруваат по основите од членот 2 на овој правилник се ставаат на располагање на носителот на ЛНК под условите и критериумите утврдени за секој од основите по одделно.

## II. Финансиска поддршка за објавување труд во списание со фактор на влијание, референтна научна публикација и во MESJ

### Член 7

За секој објавен труд во списание со фактор на влијание на ЛНК се ставаат на располагање средства по основ на финансиска поддршка во износ од 250 бодови.

За секој објавен труд во референтна научна публикација на ЛНК се ставаат на располагање средства по основ на финансиска поддршка во износ од 100 бодови.

За секој објавен труд во Mechanical Engineering – Scientific Journal (MESJ) на ЛНК се ставаат на располагање средства по основ на финансиска поддршка во износ од 130 бодови.

### Член 8

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК на првиот автор или на авторите на трудот вработени на Факултетот согласно предлогот за распределба на бодовите доставен од првиот автор.

Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Барање кое се доставува до деканот мора да биде поднесено во текот на годината на објавување на трудот.

Кон барањето подносителот доставува: копија од објавениот труд, доказ дека трудот е објавен, доказ дека списанието го задоволува условот опишан во член 2 и предлог од првиот автор за распределба на бодовите. Доколку кон барањето не е доставен предлог за распределба на бодовите, средствата се ставаат на располагање на првиот автор.

### Член 9

Трудот кој се објавува не смее претходно да биде објавен во друго списание, ниту да биде плагијат на други научни трудови.

Сите автори подеднакво се одговорни во случај на повреда на авторските права согласно Законот за авторското право и сродните права.

### Член 10

Финансиската поддршка во целосен износ по основ на овој правилник може да се бара само за труд во кој најмалку половина од авторите се од Факултетот.

Доколку повеќе од половина од авторите на трудот не се од Факултетот, тогаш финансиската поддршка по основ на овој правилник се добива во висина од 50% од износот.

Студентите на Факултетот, запишани на прв, втор или трет циклус студии, кои во трудот ја искажале припадноста како студенти на Факултетот, се сметаат за автори од Факултетот.

Финансиската поддршка по овој основ не може да се бара за труд за кој целосно или делумно трошоците за негово објавување се покриени од сопствени средства на Факултетот по други основи (научно-истражувачки проекти финансирани од Факултетот и сл.).

## III. Финансиска поддршка за учество на меѓународни академски собири

### Член 11

За секое учество на меѓународен академски собир со труд кој се презентира усно и кој е објавен во зборникот на трудови на академскиот собир или во списание посветено на академскиот собир, на ЛНК на лицето кое го презентирало трудот се ставаат на располагање дополнителни средства по основ на финансиска поддршка во износ од 200 бодови.

### Член 12

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК само на еден од авторите на трудот, односно на излагачот на трудот.

Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Барање кое се доставува до деканот мора да биде поднесено во текот на годината на одржување на меѓународниот академски собир.

Кон барањето подносителот доставува: копија од трудот, доказ дека трудот е целосно објавен во зборник на трудови (не во зборник од апстракт на трудови) или во списание кое е посветено на научниот собир и официјална потврда од организаторот на собирот за учество со усна презентација.

### Член 13

Финансиската поддршка во целосен износ по основ на овој правилник може да се бара само за труд во кој најмалку половина од авторите се од Факултетот.

Доколку повеќе од половина од авторите на трудот не се од Факултетот, тогаш финансиската поддршка по основ на овој правилник се добива во висина од 50% од износот.

Студентите на Факултетот, запишани на прв, втор или трет циклус студии, кои во трудот ја искажале припадноста како студенти на Факултетот, се сметаат за автори од Факултетот.

Доколку трудот е објавен во списание кое е посветено на научниот собир, истото тоа списание не може да биде и основа за побарување на финансиска поддршка согласно член 7.

Финансиската поддршка по овој основ не може да се бара за труд за кој целосно или делумно трошоците за негово објавување се покриени од сопствени средства на Факултетот по други основи (научно-истражувачки проекти финансирани од Факултетот и сл.).

## IV. Финансиска поддршка за апликации на меѓународни проекти

### Член 14

За секоја успешна апликација на меѓународен проект на ЛНК се ставаат на располагање средства во износ од 200 бода ако Факултетот е дел од конзорциумот, односно 400 бода ако Факултетот е главен координатор на проектот и апликант.

### Член 15

Средствата се ставаат на располагање на ЛНК на одговорното лице од Факултетот за водење на апликацијата на проектот, а по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Барање кое се доставува до деканот мора да биде поднесено во текот на годината на добивање на официјален извештај од евалуацијата на проектот или потврдата дека проектот е избран за финансирање.

Кон барањето одговорното лице доставува: одука/решение дека барателот е одговорно лице за водење на апликацијата на проектот, копија од целиот проект, доказ дека е поднесена

апликацијата и официјален извештај од евалуацијата на проектот или потврда дека проектот е избран за финансирање.

**Член 16**

Проектите кои не се избрани за финансирање, ќе добијат финансиска поддршка согласно овој правилник доколку во евалуацијата се оценети како „го поминале прагот дефиниран согласно повикот“.

## V. Финансиска поддршка за потпишување на нов ERASMUS + билатерален договор.

**Член 17**

Сметководството на Факултетот по службена должност отвора ЛНК со назив „ERASMUS+ координатор” и „ERASMUS+ заменик координатор”.

За секој нов потпишан ERASMUS + билатерален договор помеѓу Факултетот и друг странски Универзитет или Факултет, на ЛНК на ERASMUS + координаторот и заменик координаторот, се ставаат на располагање средства по основ на финансиска поддршка во износ од 100 бодови за координаторот и 50 бодови за заменик координаторот.

**Член 18**

Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Барање кое се доставува до деканот мора да биде поднесено во текот на годината во која е потпишан билатералниот договор.

Кон барањето подносителот доставува потпишан билатерален договор и доказ дека истиот не е веќе во базата на потпишани договори.

## VI. Финансиска поддршка за учество во работењето на Телото за проекти

**Член 19**

За учество во работењето на Телото за проекти како именуван член, во времетраење од една година, согласно Одлука за утврдување на постапка за аплицирање и администрирање на проекти и распределба на средствата стекнати од учество во проекти, на ЛНК на вработениот се ставаат на располагање средства по основ на финансиска поддршка во износ од 100 бодови.

**Член 20**

Средствата се ставаат на располагање по претходно одобрено барање кое се доставува до деканот.

Барање кое се доставува до деканот мора да биде поднесено во рок од најмногу еден месец од исполнувањето на условот од член 19.

Кон барањето подносителот доставува решение за именување/разрешување за именуван член на Телото за проекти.

## VII. Завршни одредби

**Член 21**

Средствата за финансиска поддршка по основите од членот 2 од оваа одлука, можат да се доделат најмногу три пати во текот на една календарска година за еден основ.

Вкупниот кумулативен износ на бодови кој може се додели како финансиска поддршка по сите основи не може да биде поголем од 1500 бодови во текот на една календарска година за една ЛНК за асистентите и доцентите.

Вкупниот кумулативен износ на бодови кој може се додели како финансиска поддршка по сите основи не може да биде поголем од 1000 бодови во текот на една календарска година за една ЛНК за вонредните и редовните професори.

На една ЛНК може да бидат впишани кумулативно најмногу 1500 бодови за асистентите и доцентите, односно 1000 бодови за вонредните и редовните професори .

**Член 22**

Се дозволува здружување на средствата кои ги имаат на располагање вработените на Факултетот на своите ЛНК, за покривање на трошоците за активностите од точките 1 и 2 од членот 3 на овој правилник, под услов вработените кои ги здружуваат средствата да се автори на трудот со фактор на влијание или научно-истражувачкиот труд за кој се одобрува користење на средства.

**Член 23**

ЛНК се затвора во случај на престанок на работниот однос на Факултетот на носителот на ЛНК по било кој основ или поради немање активност која е предмет на финансиска поддршка согласно овој правилник во три последователни години.

**Член 24**

Средствата наменети за финансиска поддршка ќе се обезбедуваат од средствата со кои самостојно располага Факултетот.

**Член 25**

За наменско користење на средствата ќе се грижи деканот на Факултетот, а за правилно водење на ЛНК ќе се грижи сметководството на Факултетот.

**Член 26**

Со влегување на сила на овој правилник престануваат да важи правилниците за финансиска поддршка на активностите поврзани со научно-истражувачката работа и активностите поврзани со меѓународната соработка за развој на науката и образованието, број, 01-302/1 од 7.02.2017 година, 01-265/1 од 6.02.2020 година и 01-265/2 од 6.02.2020 година.

**Член 27**

Правилникот влегува во сила од денот на донесувањето.

**Член 28**

Износот на бодовите кои се впишани на ЛНК на вработените во моментот на стапување на сила на овој Правилник, останува непроменет доколку не се достигнати ограничувањата од член 21.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Машински факултет – Скопје
Декан

Проф. д-р Златко Петрески